ВЛИЈАНИЕ НА ПАНДЕМИЈАТА ОД КОВИД-19 ВРЗ РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ ВО ОПШТИНА КОЧАНИ

FINANCETHINK OUT OF THE BOX | hr

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Sweden
Sverige

UN WOMEN

Публикацијата е изработена од Фајнанс тинк – Институт за економски истражувања и политики, во рамките на проектот на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, финансиски поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој - Сида.

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, Обединетите нации или на другите придружни организации.

ВЛИЈАНИЕ НА ПАНДЕМИЈАТА ОД КОВИД-19 ВРЗ РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ ВО ОПШТИНА КОЧАНИ

Авторки:

Благица Петрески
Finance Think - Институт за економски истражувања и политики

Деспина Туманоска
Finance Think - Институт за економски истражувања и политики

Maj, 2021

СОДРЖИНА

1.СОЦИЈАЛНА КАРТА НА ОПШТИНА КОЧАНИ 6

1.1. Локација, големина и население 6

1.2. Пазар на труд 7

1.3. Образование 8

1.4. Социјална заштита 9

1.5. Здравство 11

2. МЕТОДОЛОГИЈА И ПОДАТОЦИ 12

3. БУЏЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ ПРЕД КОВИД-19 13

3.1. Структура на приходи 13

3.2. Структура на расходи 13

3.3. Преглед на годишните програми на Општина Кочани од родова перспектива 14

3.3.1 Активности од годишни програми на Општина Кочани, директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 14

3.3.2 Активности од годишни програми на Општина Кочани, индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 15

3.3.3 Буџетска структура на активности насочени кон унапредување на родовата еднаквост 17

4. СОСТОЈБА СО КОВИД-19 НА ЛОКАЛНО НИВО 21

4.1 Движење на КОВИД-19 21

4.2 Здравствена заштита на локално ниво 21

4.3 Мерки за спречување на ширењето на вирусот 21

5. БУЏЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ ПО КОВИД-19 23

5.1. Ребаланс на општинскиот буџет 23

5.2. Влијание на ребалансот врз годишните програми што придонесуваат кон родова еднаквост 25

6. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ 28

ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

ТАБЕЛА 1.1: Процена на население во општина Кочани, во 2019 година, по возраст 6

ТАБЕЛА 1.2: Активни претпријатија, по големина 7

ТАБЕЛА 1.3: Активни претпријатија, по сектор 7

ТАБЕЛА 1.4: Запишани ученици/чки во основно образование, по одделенија 8

ТАБЕЛА 1.5: Наставници/чки во основните и во средните училишта, по пол 9

ТАБЕЛА 1.6: Вработени лица во детски градинки, по пол 9

ТАБЕЛА 1.7: Број на корисници на одделни парични права од социјална заштита, 2018 година 10

ТАБЕЛА 1.8: Карактеристики на здравствен регион Кочани 11

ТАБЕЛА 1.9: Вработени во јавните здравствени установи во Кочани 11

ТАБЕЛА 3.1: Активности за еднакви можности 14

ТАБЕЛА 3.2: Активности од програмата за социјална заштита, индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 15

ТАБЕЛА 3.3: Активности од програмата за одржување паркови и зеленило, индиректно насочени кон унапредување на родова еднаквост 16

ТАБЕЛА 3.4: Активности од програмата за образование, индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 17

ТАБЕЛА 4.1: Број на заболени, активни, оздравени и починати лица од КОВИД-19 21

ТАБЕЛА 4.2: Мерки за спречување ширење на вирусот, преземени од Општина Кочани 21

ТАБЕЛА 5.1: Промени во буџетот на програмите со родова перспектива настанати со ребалансот за 2020 година; во илјади денари 27

ЛИСТА НА ГРАФИКОНИ

ГРАФИКОН 3.1: Структура на буџетски приходи 13

ГРАФИКОН 3.2: Структура на буџетски расходи 14

ГРАФИКОН 3.3: Структура на програмите на Општина Кочани, од аспект на соодветност за унапредување на родовата еднаквост 18

ГРАФИКОН 3.4: Издвоени буџетски средства според категоризација на програмите 19

ГРАФИКОН 3.5: Издвоени средства за активности соодветни за родовата еднаквост (учество во вкупен буџет), според програма и категоризација 20

ГРАФИКОН 5.1: Ребаланс на буџетот на Општина Кочани, преглед на промената на приходи и на расходи 25

ГРАФИКОН 5.2: Промена на програмите на Општина Кочани со ребалансот на буџетот за 2020 година 25

1.СОЦИЈАЛНА КАРТА НА ОПШТИНА КОЧАНИ

1.1. Локација, големина и население

Општина Кочани се наоѓа во Источниот регион на Република Северна Македонија, меѓу општините Крива Паланка, Македонска Каменица, Пробиштип, Виница, Кратово, Зрновци и Чешиново-Облешево. Општината зафаќа површина од 360 км^2, и покрај градот Кочани, оваа општина вклучува и 27 рурални населени места, меѓу кои седум се низински села, а другите 20 се ридско-планински населени места.

Според последниот официјален попис од 2002 година (Државен завод за статистика, 2005 година)[1], вкупниот број население во општина Кочани изнесува 38.082 жители, од кои 50,3 проценти мажи и 49,7 проценти жени, од кои речиси 75 проценти живеат во градот Кочани, а меѓу руралните места најнаселени се селата Оризари (10 проценти), Грдовци (3,4 проценти) и Тркање (3,2 проценти). Во три ридско-планински населени места не живее ниту едно лице, а во 11 рурални места бројот на жители е помал од 50 лица. Според етничката припадност, 93 проценти од населението во општина Кочани се Македонци, пет проценти се Роми, а другите етнички групи се застапени со помалку од еден процент.

Според процената на Државниот завод за статистика[2], во 2019 година населението во општина Кочани брои 37.389 жители без значителна разлика во половата структура. Анализата на населението во однос на возраста покажува дека речиси 70 проценти од жителите на општината се работоспособно население на возраст меѓу 15 и 64 години. Сепак, оваа бројка само индицира на вкупното работоспособно население во општината, со оглед што еден дел од нив се неактивни и не ја нудат својата работна сила на (локалниот) пазарот на труд. Дополнително, табела 1.1 покажува дека во општината живеат 2.251 деца во предучилишна возраст, а 6.407 лица се во пензионерски години, повеќе од 64 години старост, со што коефициентот на старосна зависност изнесува 44,4 проценти и е повисок од коефициентот за Источниот регион од 43,7 проценти (Државен завод за статистика на РСМ, 2020 година). Притоа, 55 проценти од населението постаро од 64 години се жени, а 45 проценти се мажи. Во другите возрасни групи не се забележуваат значителни родови разлики.

ТАБЕЛА 1.1

Процена на население во општина Кочани, во 2019 година, по возраст

	до 6	7 - 14	15 - 29	30 - 39	40 - 49	50 - 59	60 - 64	65+
Вкупно	2251	2866	6929	5596	5450	5285	2694	6407
Мажи	1145	1482	3528	2862	2815	2677	1367	2880
Жени	1106	1384	3401	2734	2635	2608	1327	3527

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

[1]Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2005) Попис на населението, домаќинствата и становите, 2002 година
[2]Државен завод за статистика на Република Северна Македонија. Население во Република Македонија на 31.12. по специфични групи на возраст, по пол, по општини, според промените во територијалната поделба во 2014 година, по години

1.2. Пазар на труд

Општина Кочани се наоѓа во Источниот регион во земјава, кој се карактеризира со најниска стапка на невработеност (7,8 проценти) по Југоисточниот регион (6,3 проценти) и многу под националната стапка на невработеност од 17,3 проценти во 2019 година. Дополнително, во Источниот регион се забележува една од повисоките стапки на вработеност од 54,3 проценти, додека стапката на активност е околу националниот просек од 58 проценти. Сепак, не постојат официјални статистички податоци за вработеноста, невработеноста и за активноста на населението по општини, па оттука остануваат непознати статистичките податоци за понудата на работна сила во општината. Ако се анализираат податоците за стапката на невработеност во овој регион, заклучокот е дека жените се во понеповолна положба во однос на мажите, со оглед на тоа што нивната стапка на невработеност (7,1 проценти) е повисока од таа кај мажите (5,9 проценти), а и двете стапки се многу под националниот просек од 17,3 проценти и се најниски во споредба со другите региони (Државен завод за статистика, 2020 година)[3].

Според податоци од Центарот за вработување од Кочани, заклучно со октомври 2020 година, во општината се евидентирани 3593 невработени лица, од кои 1619 или 45 проценти се жени, а другите мажи.

Во однос на деловните субјекти што работат на територија на општина Кочани, во 2019 година има 1385 активни субјекти, од кои најголем број или 70 проценти се микропретпријатија што вработуваат до 10 лица (табела 1.2).

ТАБЕЛА 1.2

Активни претпријатија, по големина

Вкупно	Микро	Мали	Средни	Големи
1385	975	391	13	6

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

Според секторот во кој дејствуваат, најголем дел од активните деловни субјекти работат трговија на големо и на мало и преработувачка индустрија (табела 1.3). Речиси една половина од активните компании во општината работат во секторите градежништво, трговија, угостителство, транспорт и складирање, што според ИЛО/ЕБРД (2020)[4] се оценети како најпогодени од кризата предизвикана од КОВИД -19. Оттука, очекувано е дека овие компании може да се соочат со финансиски проблеми и со неможност за навремена отплата на обврски кон Општина Кочани по основа на разни даноци и / или такси, што би довело до помал прилив на приходи во општинскиот буџет, наспроти иницијално планираниот износ.

ТАБЕЛА 1.3

Активни претпријатија, по сектор

Сектор	Број на активни субјекти
Земјоделство, шумарство, рибарство	63
Рударство	5
Преработувачка индустрија	221
Снабдување со електрична енергија	4
Снабдување со вода	10
Градежништво	59
Трговија на големо и мало	461
Транспорт и складирање	82
Објекти за сместување и храна	73
Информации и комуникации	12
Финансиски дејности и осигурување	7
Дејности во врска со недвижен имот	10
Стручни, научни и технички дејности	124
Административни и помошни услужни дејности	21
Јавна управа и одбрана	3
Образование	30
Здравствена и социјална заштита	67
Уметност, забава и рекреација	21
Други услужни дејности	112

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

[3] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2020) Регионите во Република Северна Македонија 2020 година
[4] ILO/EBRD (2020) COVID-19 and the world of work: Rapid assessment of the employment impacts and policy responses in North Macedonia. International Labour Organization 2020

Традиционална стопанска гранка во Кочани е земјоделството, а општината е најпозната по одгледување и производство на ориз. Според Finance Think (2020)[5] земјоделските работници се силно погодени од пандемијата. Тие се најпогодени според бројот на изгубени работни места. Повеќе од 21.000 земјоделски работници го изгубиле своето работно место поради пандемијата, а, за споредба, бројот на изгубени работни места во преработувачката индустрија е малку повеќе од илјада. Најмногу изгубени работни места има меѓу работниците за сопствена сметка и неплатените семејни работници, кои најчесто се жени. Но, овие работници беа најмалку заштитени со владините мерки, со оглед на тоа што 59,5 проценти се неформално вработени и / или работат во нерегистриран бизнис.

Дополнително, во општината е застапена и текстилната индустрија, при што Кочани е трета општина според бројот на текстилни компании во земјава (53), по Штип (77) и Скопје (56). Поради трудоинтензивната дејност на овој сектор, во кој најголем дел од вработени се жени, работните обврски мора да се извршуваат на работното место, поради што вработените се високоизложени на ризикот од ширење на вирусот.

1.3. Образование

Образованието во општина Кочани се изведува во 11 редовни основни училишта, две специјални основни училишта и во две средни училишта, од кои едното нуди гимназиско и економско образование, а другото е стручно училиште за машинско и за електротехничко образование, сите во државна сопственост. Поради местоположбата на основните училишта, 188 ученици/чки имаат организиран превоз од и до нивниот дом.

Во учебната 2019 / 2020 година во основните училишта во Кочани се запишани 2803 ученици/чки, 48 проценти девојчиња и 52 проценти момчиња. Во двете средни училишта во општина Кочани, во учебната 2019 / 2020 година се запишани вкупно 1263 ученици/чки, од кои 43 проценти се ученички, а 57 проценти се ученици. Од вкупниот број ученици/чки во основно образование, 46,5 проценти или 1306 деца се ученици/чки во првите четири одделенија, до 10-годишна возраст (табела 1.4). Тоа укажува дека исто толкав број вработени родители добија право на ослободување од работа и од работни обврски во периодот 10 март – 8 јули 2020 година, со одлуката на Владата донесена на 10 март 2020 година во насока на спречување на ширењето на болеста КОВИД-19.

Истата учебна година во основно образование во Кочани се вработени 242 наставници/чки, од кои најголем дел, или 232 се наставници/чки, во редовните основни училишта, а 10 работат во специјалните основни училишта. Без разлика на видот на училиштето, редовно или специјално, родовата анализа на вработените наставници/чки во табела 1.5 покажува доминантност на вработени наставнички наспроти наставници. Од вкупниот број наставници/чки во основно образование, 190 или 78,5 проценти

ТАБЕЛА 1.4

Запишани ученици/чки во основно образование, по одделенија

	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX
Вкупно	306	369	293	338	318	309	309	273	288
Ученички	142	182	140	165	143	161	156	131	132
Ученици	164	187	153	173	175	148	153	142	156

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

[5] Finance Think (2020) Земјоделски работници: тивка жртва на пандемијата? Бриф за политиката бр. 46 на Finance Think – Институт за економски истражувања и политика Скопје

се жени, а само 52 од наставниците се мажи. Притоа, од 10 наставници/чки во специјалните основни училишта, само еден е маж. Во средните училишта во Кочани се вработени вкупно 155 наставници/чки, од кои 75 (48 проценти) се жени, а 80 (52 проценти) се мажи. Само четворица од сите наставници/чки во средните училишта работат со скратено работно време. Од нив, тројца наставници/чки се жени, а еден е маж.

ТАБЕЛА 1.5

Наставници/чки во основните и во средните училишта, по пол

Вид училиште	Пол	Број на наставници/чки
Редовни основни училишта	жени	181
	мажи	51
Специјални основни училишта	жени	9
	мажи	1
Средни училишта	жени	75
	мажи	80

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

Родовата анализа на наставници/чките во основните и во средните училишта во општина Кочани покажува дека образованието, а особено основниот образовен систем во оваа општина го водат жени, кои директно се засегнати со одлуката на Владата за затворање на училиштата донесена на 10 март 2020 година, како една од мерките за спречување на ширењето на ковид-19.

1.4. Социјална заштита

Социјалната заштита во општина Кочани се нуди преку следнава мрежа на установи и на институции:

- Детска градинка за згрижување деца во предучилишна возраст, до шест години
- Дневен центар за лица со попреченост
- Центар за привремен престој на жртви на семејно насилство
- Меѓуопштински центар за социјална работа

Во општина Кочани има една јавна установа за згрижување деца во предучилишна возраст, детската градинка „Павлина Велјанова“, која располага со седум објекти, од кои пет се во градот Кочани и по еден објект во руралните населени места Оризари и Тркање. Според податоците од Општината, оваа јавна установа има капацитет за згрижување 650 деца, што е само една третина од вкупниот број деца во предучилишна возраст што живеат во Кочани. Сепак, во учебната 2019 / 2020 година во оваа установа биле згрижени 723 деца на возраст до шест години, што укажува на преоптовареност на оваа јавна установа, со што го изложува на ризик квалитетот на своето работење. Според Државен завод за статистика на РСМ[6], во 2017 година 90 деца не биле згрижени во детска градинка поради недостиг од слободни места, што, пак, укажува на потреба за проширување на постојниот капацитет и за нови слободни места за згрижување деца.

Во установата има вкупно 87 вработени, од кои 81 се жени, а шест се мажи што се вработени само како административни и технички работници и готвачи, а ниту еден маж не е вработен како згрижувачки и воспитен кадар (табела 1.6).

ТАБЕЛА 1.6

Вработени лица во детски градинки, по пол

	Директори и стручни соработници/чки	Негуватели/ки	Воспитувачи/ки	Административни и технички работници/чки	Готвачи/ки
Вкупно	4	43	13	18	9
Жени	4	43	13	13	8
Мажи	0	0	0	5	1

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

[6] Државен завод за статистика на РСМ (2017) Установи за згрижување и за воспитание на деца – детски градинки – центри за ран детски развој

Во 2015 година во општина Кочани е отворен Дневен центар за лица со попреченост, како заедничка инвестиција на Општина Кочани и на Министерство за труд и социјална политика, со капацитет од 25 лица. Според Петрески и др. (2020)[7] центарот е реновиран во 2018 година, а во 2019 година го посетувале само седум корисници за кои се грижеле тројца вработени на позициите психолог, логопед и негувател. Од друга страна, пак, во општина Кочани и во двете околни општини Зрновци и Чешиново-Облешево, живеат вкупно 64 лица со телесна и 171 лице со интелектуална попреченост, па бројот од седум лица што престојуваат во центарот покажува на неискористен капацитет на оваа јавна установа. Дополнително, недостигот од лица вработени на позициите физиотерапевт, воспитувач и слично го отвора прашањето за квалитетот на услугите што се нудат во овој центар. Со одлука на Владата донесена на 10 март 2020 година, сите дневни центри за лица со попреченост беа затворени како една од мерките за спречување на ширењето на КОВИД-19, сè до нивното повторно отворање со владината одлука донесена на 29 септември 2020 година.

Во Кочани има еден центар во кој се нудат услуги за привремен престој на жртви од семејно насилство, со капацитет до седум лица, каде што најчесто се сместуваат жени и нивните деца што претрпеле семејно насилство во својот дом. Во 2018 година во Кочани биле регистрирани 41 случај на семејно насилство[8], што укажува на недоволниот капацитет на овој центар и на неможност да се згрижат сите жртви што имаат потреба од оваа услуга, поради што мора да останат во својот дом заедно со насилникот.

Центарот за социјална работа - Кочани е меѓу-општински центар со надлежност за општините Кочани, Зрновци и Чешиново-Облешево и работи на обезбедување услуги за социјална заштита и за парични права од социјална заштита. Тука жителите може да добијат социјални услуги за информирање и за упатување, стручна помош и поддршка и советување од тим во кој нема педагог, а бројот на социјални работници е недоволен. Дополнително, жителите на Кочани тука ги остваруваат своите парични права најчесто по основа на додаток за помош и за нега од друго лице и гарантирана минимална помош (табела 1.7).

ТАБЕЛА 1.7

Број на корисници/чки на одделни парични права од социјална заштита, 2018 година

Вид помош	Број на корисници
Гарантирана минимална помош	510
Надомест за помош и за нега од друго лице	979
Еднократна парична помош	70
Детски додаток	78
Додаток за образование	21
Еднократна парична помош за новороденче	154
Посебен додаток	142
Родителски додаток за (трето) дете	449
Паричен додаток за греење	121

Извор: Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани

Дополнително, како понудувач на услуги од социјална заштита на жителите на Кочани се појавува и Општина Кочани. Општината има развиено мобилен сервис за социјална и за здравствена заштита, што во 2019 година бил составен од седум лица (координатор/ка, двајца социјални работници/чки и четири медицински сестри) што нудат нега во домот на стари исцрпени лица и на лица со специфични здравствени проблеми. Дополнително, во рамки на проектот за општинско корисна работа, ја нудат услугата лична асистенција на лица со попреченост, но бројот на опфатени лица е непознат.

[7] Петрески, М., Туманоска, Д. И Петрески, Б. (2020) Социјалните услуги во општините во Северна Македонија: капацитет, ризици, потреби. Finance Think – Институт за економски истражувања и политика, Скопје

[8] Податок добиен од Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани

1.5. Здравство

Здравствениот регион Кочани е еден од 30 здравствени региони во Република Северна Македонија, кој опфаќа 45 населени места, вклучувајќи ги и општините Виница, Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица, Зрновци и Чешиново-Облешево. Карактеристиките на овој здравствен регион се прикажани во табела 1.8.

ТАБЕЛА 1.8

Карактеристики на здравствен регион Кочани

Површина во км^2	Број на населени места	Број на жители	Жители на км^2
577	45	47.392	84,2

Извор: Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

Во здравствен регион Кочани има 100 лекари, од кои 66 се специјалисти, 26 се доктори по општа медицина, а другите осум се специјализанти. Во овој регион има пет лекари специјалисти и шест здравствени работници што работат во дејноста за здравствена заштита на жени и е еден од здравствените региони со најголем број здравствен персонал што дава заштита на жени.

Здравствената заштита во општина Кочани се нуди од две јавни институции, ЈЗУ Општа болница со проширени дејности – Кочани и Центар за јавно здравје – Кочани, и од неколку приватни здравствени установи. Јавната здравствена установа Општа болница со проширени дејности – Кочани е формирана во 2018 година со спојување на двете дотогашни установи Здравствен дом – Кочани и Општа болница – Кочани. Вкупниот број вработени лица во 2019 година изнесува 256, од кои 195 (76 проценти) се жени а 61 (24 проценти) се мажи. Во центарот за јавно здравје во Кочани, пак, работат вкупно 44 лица, од кои повеќе од 80 проценти се жени (табела 1.9).

ТАБЕЛА 1.9

Вработени во јавните здравствени установи во Кочани

Институција	Пол	Број на вработени
ЈЗУ Општа болница со проширени дејности	Жени	195
	Мажи	61
Центар за јавно здравје	Жени	36
	Мажи	8

Извор: Општина Кочани

Во општата болница со проширени дејности - Кочани се нудат услуги од областа на болничката дејност, превентивна заштита, дијагностика и специјалистички услуги, меѓу кои и тие од областа на инфективните болести, за чиешто работење зборуваме подетално во дел 4.2.

Извор: *pexels-pixabay-40568*

2. МЕТОДОЛОГИЈА И ПОДАТОЦИ

Целта на оваа анализа е брза процена на влијанието на пандемијата на ковид-19 на локални програми и активности насочени кон унапредување на родовата еднаквост на локално ниво. Анализата користи пристап до документациска анализа на локалниот буџет за 2020 година и до сите направени ребаланси, како и анализа на сите постојни локални програми со цел идентификација на родово специфични активности. Притоа, документациската анализа е спроведена низ следниве чекори:

1. Буџетска анализа на структурата на приходите и на расходите на Општината (според намена на ниво на ставка) со цел утврдување на финансискиот потенцијал.

2. Анализа на сите локални програми за 2020 година, со цел утврдување активности што се насочени кон унапредување на родовата еднаквост во општината. Притоа, активностите директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост се категоризирани со 2; 1 доколку се индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост; и 0 доколку не придонесуваат за унапредување на родовата еднаквост во општината. Притоа, директно насочените активности имаат примарна цел да ја унапредат родовата еднаквост во општината, додека индиректните не целат примарно кон унапредување на родовата еднаквост, но нивното спроведување може да придонесе кон зголемување на еднаквите можности на жените и на мажите.

3. Буџетска анализа на активностите категоризирани со 2 и со 1, со цел утврдување на учеството на алоцираните средства за нивно спроведување во вкупната програма и во буџетот на општината.

4. Споредбена анализа на иницијалниот буџет и на неговите ребаланси, со цел утврдување на ефектите од КОВИД-19 врз финансискиот потенцијал на општината и врз активностите насочени кон унапредување на родовата еднаквост.

Во рамки на документациската анализа се користени податоци од буџетот на Општина Кочани за 2020 година, ребалансот на буџетот за 2020 година и локалните годишни програми за 2020 година што се јавно достапни. Како извор на податоци се користени веб-страницата на општината, службените весници, податоци добиени од локалните институции и од секторот за изработка на буџет при Општина Кочани.

Со цел збогатување на анализата со квалитативни наоди, на 7 декември 2020 година е спроведено интервју со координаторката за еднакви можности на Општина Кочани, во согласност со претходно утврден полуструктуриран водич за интервју. Целта на интервјуто е добивање квалитативни наоди за учеството на координаторката и на комисијата за еднакви можности во процесот на подготовка и на разгледување на локалните годишни програми заради вклучување на принципот на еднакви можности и за да се утврди дали и во која мера КОВИД-19 изврши влијание врз програмата за еднакви можности на мажите и на жените и врз други програми во кои е вметната родовата перспектива.

За да добиеме увид во потребите на локалните жени и мажи за активности што се во надлежност на локалната власт (социјална заштита, уредување градежно земјиште, образование, паркови и зеленило и слично) со цел подобрување на квалитетот на живот во заедницата и унапредување на родовата еднаквост, како и влијанието на пандемијата врз животот во локалната заедница, спроведена е фокусна група со жители на општина Кочани, чиешто регрутирање следеше структуриран тек. Имено, за учесници беа избрани жители на општината што имаат искуство во користење на некоја активност од Општината (на пример, еднократна финансиска помош) или имаат потреба од активност што може да ја понуди Општината со цел унапредување на родовата еднаквост и на квалитетот на живот.

3. БУЏЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ ПРЕД КОВИД-19

3.1. Структура на приходи

Анализата на буџетот на Општина Кочани, планиран за 2020 година, ја почнуваме со преглед на структурата на приходи, прикажана на графикон 3.1. Тоа што се гледа јасно е дека Општината е **зависна од финансирање од централниот буџет, со оглед на тоа што дури 69 проценти** од приходите на Општината се по основа на трансфери и на донации што, главно, се користат за извршување на пренесените надлежности во образование, култура и во детски градинки. Следен најголем извор на финансирање се **даночните приходи, со учество од 17 проценти** од вкупните приходи. Во оваа категорија, најголем дел (56 проценти) отпаѓаат на приходи за даноци на специфични услуги, во кои спаѓаат различни комунални такси (за привремен престој, за истакнување фирма, односно назив на деловна просторија, за користење улици со различни возила, што се плаќа при регистрација на возилата, за користење и за одржување јавно осветлување, за истакнување реклами и информации, за паркирање, надомест од комунална дејност и други). Другите даноци во надлежност на општината учествуваат со 44 проценти, од кои најголеми се даноците на имот (30 проценти), такси за користење или дозволи за вршење дејност (девет проценти) и данок од доход, добивка и капитални добивки (пет проценти). **Капиталните приходи учествуваат со три проценти** во вкупните приходи и, главно, доаѓаат од продажба на општинско земјиште. **Неданочните приходи учествуваат со четири проценти** во вкупните приходи и се однесуваат на глоба, судски и административни такси, такси и надомест и други владини услуги, или таканаречени парафискални давачки за компаниите и за жителите на општината. Ваквата структура упатува на тоа дека Општината има ограничен потенцијал за финансирање од сопствени извори.

ГРАФИКОН 3.1.

Структура на буџетски приходи



Извор: Буџет на Општина Кочани, пресметка на авторите

3.2. Структура на расходи

Структурата на буџетските расходи на Општина Кочани е претставена на графикон 3.2 и упатува на податокот дека речиси една половина од расходите се наменети за **плати и за надомест**, во кои спаѓаат платите и придонесите на администрацијата на Општината и на лицата вработени во противпожарна заштита, основно и средно образование, детски градинки и култура. Следна категорија по големина се **капиталните расходи**, со учество од 29 проценти во вкупните расходи, од кои најголем дел (88 проценти) се наменети за градежни активности. Расходите за **стока и за услуги** се следна категорија (19 проценти), што опфаќаат различни трошоци за договорни услуги, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, патни и дневни расходи, поправки и тековно одржување и привремени вработувања. Со помалку од два процента, поединечно, во вкупните расходи учествуваат **социјалните бенефиции, различни субвенции и трансфер и отплата на долгови и на камата.**

Структурата на расходите на Општината упатува на разумен распоред. Една од значајните карактеристики на буџетот на Општина Кочани е што има истакната развојна компонента во структурата земајќи го

предвид учество на капиталните расходи од 29 проценти во вкупните планирани расходи. Тоа укажува на потенцијал за инвестиции, кои може да поттикнат развој на општината, но, исто така, и да го подобрат квалитетот на живот. Ова е особено значајно за жените и за родовата еднаквост затоа што вкупната инфраструктура и инвестициите во институции како што се градинки и домови за стари лица, може значајно да придонесат за унапредување на родовата еднаквост во општината.

ГРАФИКОН 3.2

Структура на буџетски расходи



Извор: Буџет на Општина Кочани, пресметка на авторите

3.3. Преглед на годишните програми на Општина Кочани од родова перспектива

3.3.1 Активности од годишни програми на Општина Кочани, директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Со цел обезбедување еднакви можности на жените и на мажите, жители/ки на општина Кочани, а во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите[9], членот 14, Општината е должна во рамки на своите годишни програми, планови и стратегии да го вклучи принципот за родова еднаквост и да ги промовира и унапреди еднаквите можности меѓу жените и мажите. За таа цел, во 2004 година е формирана Комисија за еднакви можности, чијашто обврска е контрола и спроведување на законот на општинско ниво.

Во моментов, Комисијата за еднакви можности (КЕМ) на Општина Кочани има пет члена, од кои четири жени и еден маж, членови на општинскиот совет . Од редот на државните службеници, општините се должни да изберат координатор/ка и заменик-коодирнатор/ка за еднакви можности на жените и на мажите.

Општина Кочани има подготвено локален акциски план за еднакви можности на жените и на мажите за 2020 година, во кој се алоцирани 240 илјади денари за спроведување активности во насока на унапредување на родовата еднаквост на локално ниво, прикажани во табела 3.1.

ТАБЕЛА 3.1

Активности за еднакви можности

Активност	Буџет
Активности и мерки за воспоставување еднакви можности кај спортски и рекреативни клубови и здруженија	40.000
Основни систематски прегледи со анализи за превентивно откривање на болести кај жените и мажите	8.000
Поддршка на граѓански организации во кампањи, одбележување јубилеи, празници и други хуманитарни активности	40.000
Поддршка на жени и на мажи, лица изложени на социјален ризик и лица со попреченост	60.000
Летување на ученици/чки од основните училишта од социјално ранливи групи	42.000
Активности и обуки за внесување на родовата перспектива во локалната средина	20.000
Спроведување други видови законски мерки за воспоставување еднакви можности на жените и на мажите	30.000

Извор: Локален акциски план за еднакви можности на Општина Кочани за 2020 година

Освен активностите што имаат финансиски импликации врз општинскиот буџет, Општина Кочани, во рамки на својата годишна програма за еднакви можности, презема одговорност за водење родова статистика за вработените во општинската администрација, вградување на принципот на еднакви можности во сите локални стратегии, планови и програми, засилување на соработката на КЕМ со други субјекти одговорни за подготовка на мерки за воспоставување еднакви можности и воведување родово одговорно буџетирање, и со тоа, оваа Општина е една од ретките што јасно и недвосмислено презема

[9]Службен весник на Република Северна Македонија 6/12. Закон за еднакви можности на мажите и жените

одговорност за вградување на родовата еднаквост во своето работење. Дополнително, Општината има алоцирано повисок износ на средства од општините слични по големина, па дури и од поголеми општини.

Освен во подготовка на програмата за еднакви можности, КЕМ не е вклучена во подготовка на другите годишни програми под надлежност на Општината, утврдени со Закон за локална самоуправа[10], членот 22, туку само разгледува и дава коментари и препораки за две други годишни програми: образование и спорт[11]. Оттука, освен активностите предвидени во програмата за еднакви можности, само уште една активност од програмата за спорт може да се категоризира како директно насочена кон унапредување на родовата еднаквост, поддршка на женскиот фудбалски клуб Кочани, кој во 2020 година добил 100 илјади денари финансиска поддршка од Општината.

3.3.2 Активности од годишни програми на Општина Кочани, индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Освен активности директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост, во годишните програми може да се утврдат и активности што не се родово специфични, но нивното спроведување може индиректно да го подобри животот на жените во општината. Анализата од родова перспектива на сите годишни програми за 2020 година покажа дека потребите и навиките на жените и на мажите во локалната заедница не се директно земени превид, но Советот на Општината предлага вклучување на родовата перспектива речиси во сите годишни програми на Општина Кочани[12].

Иако родовата перспектива не е директно вклучена во програмите на Општината, сепак во дел од нив може да се утврдат активности што индиректно би го подобриле животот на жените и на мажите во заедницата. Според табела 3.2, во програмата за социјална заштита за 2020 година се издвоени повеќе од 1,6 милион денари за активности што може индиректно да го подобрат животот на жените и на мажите во локалната заедница. Дел од тие активности се насочени кон помош на лица изложени на социјален ризик во форма на финансиска помош, помош во автобуски билети, градежни материјали, социјални пакети и болничко лекување што претставува финансиска поддршка на жени и на мажи. Од активностите насочени кон детска заштита, сите активности за згрижување и за поддршка на семејствата, чиишто деца имаат потреба од згрижување во детска градинка, ги категоризираме како активности што се родово специфични, со оглед на тоа што најчесто за овие деца се грижат мајките, па преку овие две активности ќе се олесни грижата за нивните деца, ќе се намали неплатената работа во домот, но ќе им се даде и можност за активација на пазарот на труд. И средствата издвоени за финансирање на платите, материјалните трошоци и на другите расходи на детските градинки се суштински за родовата еднаквост, со оглед на тоа што најголем дел од вработените во градинките (дел 1.4) се жени.

ТАБЕЛА 3.2

Активности од програмата за социјална заштита, индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Активност	Буџет	Учество во вкупна програма
Помош на лица изложени на социјален ризик	1.350.000	1,1 %
Инклузија на деца Роми во градинки	110.000	0,1 %
Партиципација на самохрани родители за згрижување деца во градинки	100.000	0,1 %
Згрижување деца од социјално загрозени семејства во детска градинка	80.000	0,07 %
Детски градинки – плати, материјални трошоци и други расходи	56.410.000	47,2 %

Извор: Програма за социјална заштита и Програма за локален економски развој на Општина Кочани за 2020 година

[10]Службен весник на Република Северна Македонија 29/02. Закон за локална самоуправа
[11]Информација добиена од интервју со координаторка за еднакви можности спроведено на 7 декември 2020 година
[12]Службен весник на Општина Кочани 13/2019

Во програмата за локален економски развој се предвидени 60 милиони денари за изградба на нова детска градинка, но сите предвидени средства ќе бидат обезбедени од Министерство за труд и социјална политика, без сопствено учество на Општината.

Освен претходното објаснување за важноста на детските градинки за жените, кои најчесто го покриваат неплатениот труд во грижа за децата, и податокот што најголем дел од вработените во детските градинки во општината и во земјава воопшто се жени, се основа за категоризација на оваа активност како родово специфична. Инвестициите во грижа и во воспитување на децата носат многу долгорочни и краткорочни придобивки, како, на пример: развој на човечки капитал, еднаков пристап на сите деца до формални институции за згрижување, како и намалување на родовата нееднаквост на пазарот на трудот[13].

Една од активностите во програмата за одржување и за користење паркови и зеленило, што е насочена кон одржување на девет општински паркови, меѓу кои и четирите детски паркови Охридска, Усова чешма, Хемиско и детскиот парк на улица Цветан Димов, се категоризира како соодветна за унапредување на родовата еднаквост, со оглед на тоа што овие паркови, веројатно, повеќе ги користат жените, во улога на мајки, баби, дадилки, па дел од слободното време со децата го поминуваат токму тука. Во иста насока, и активноста за одржување на детските игралишта во општината се соодветни за унапредување на родовата еднаквост. Дополнително, нивното одржување и подобреното осветлување и уредување може да придонесат за поголема безбедност на жените. За одржување на општинските паркови и игралишта се предвидени 1,3 милион денари, или речиси една третина од вкупната програма.

ТАБЕЛА 3.3

Активности од програмата за одржување паркови и зеленило, индиректно насочени кон унапредување на родова еднаквост

Активност	Буџет	Учество во вкупна програма
Одржување паркови	1.216.857	27 %
Одржување детски игралишта	145.000	3,2 %

Извор: Програма за одржување паркови и зеленило на Општина Кочани за 2020 година

Но, и покрај овие активности, жителите го истакнуваат недостигот од зелени површини и / или дека постојните не се приспособени за рекреација.

„Нема доволно зелени површини и соодветно уредени катчиња во Кочани. Централниот градски парк е цел бетониран, со многу малку дрвја. Мислам дека Општината има донесено план за реконструкција на паркот, ама, колку што видов, повторно сè е сведено на железо и на бетон. А и тоа што ќе се направи од Општината, ниту се одржува, ниту, пак, се внимава да се зачува од жителите. Се кршат, се валкаат...“ ***– жители на Кочани.***

Програмата за образование на Општина Кочани предвидува реализација само на неколку активности, меѓу кои награди и стипендии за ученици/чки во основно и во средно образование, учество на државни и на меѓународни натпревари и поддршка на образовните институции за зголемување на квалитетот на наставата. Токму во рамки на последната активност се споменува и поддршка на училиштата во општината за учество во проекти од областа на образованието и на праведна родова еднаквост. Оттука, средствата во износ од 60 илјади денари предвидени за оваа активност ги категоризираме како соодветни за унапредување на родовата еднаквост со оглед на тоа што спроведувањето проекти поврзани со родова еднаквост ќе ја зголеми свеста кај учениците/чките за ова прашање и ќе ја намали бележаноста меѓу девојчињата и момчињата. Овие средства учествуваат со речиси 10 проценти во вкупната програма во која не се вклучени активности што се финансирани со блок-дотации, донации или активности од самофинансирање.

ТАБЕЛА 3.4

Активности од програмата за образование, индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Активност	Буџет	Учество во вкупна програма
Поддршка на образовни институции при подигање на квалитетот на воспитно-образовниот процес	60.000	9,4 %

Извор: Програма за образование на Општина Кочани за 2020 година

[13] UN Women (2019). Инвестирањето во универзална грижа за децата во Северна Македонија: политика и препораки

Жителите на Кочани, пак, ја истакнуваат потребата од воведување целодневна настава за учениците/чките во првите одделенија, што значајно би придонело кон унапредување на родовата еднаквост во општината.

„Во Кочани немаме целодневна настава, а многу недостига. Како што е случајот со училишта во Скопје... Мислам дека тоа многу ќе им помогне на вработените жени, а и ќе ги охрабри жените да бараат работа... бидејќи децата ќе им бидат згрижени...“ ***– жителка на Кочани.***

Една од активностите од програмата за контрола на популацијата на бездомни животни што предвидува фаќање бездомни кучиња може да придонесе за зголемена безбедност на жителите додека се движат низ општината. Проблемот со бездомните кучиња и стравот од нив е особено голем кај локалните жени, кои често се плашат да се движат низ општината. Оттука, оваа активност може да ја подобри мобилноста на жените и користењето на јавниот простор.

„Лично јас се плашам да се движам сама низ градот, има многу кучиња. За жал, Општината нема служба за нивно згрижување и, колку што сум информирана, тие се згрижуваат од кумановска служба“ ***– жителка на Кочани.***

Во годишните програми за култура, комуникација, противпожарна заштита, јавна чистота, животна средина и информатичка технологија нема активности што се директно или индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост во локалната заедница. Дополнително, Општина Кочани нема изработено или нема јавно објавена програма за уредување градежно земјиште, а жителите го истакнуваат проблемот со недостиг од тротоари и слободен простор за движење, особено на родители со детски колички и на лица со посебни потреби, што го отежнува движењето и влијае врз нивната мобилност.

„Инфраструктурата во Кочани во поглед на лица со посебни потреби, жени со деца итн. е катастрофална. Ниту има рампи, ниту има тротоар за да можете да појдете со дете со количка и да стигнете до некаде. Тротоарите ги има ама се зафатени, некои од локали, а и сограѓаните пред куќите си имаат ставено нешто на тротоарот пред својата куќа, возила, пречки еден куп...“ ***– жител на Кочани.***

3.3.3 Буџетска структура на активности насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Прегледот на структурата на програмите на Општина Кочани од аспект на соодветноста на активностите за родовата еднаквост е направен според дефинираните категории во дел 2 (со 2 и 1 доколку се насочени кон унапредување на родовата еднаквост и 0 доколку не придонесуваат за унапредување на родовата еднаквост во општината), притоа водејќи сметка за приоритетите и за потребите предизвикани од ковид-19.

Графикон 3.3 покажува дека од вкупно 17 програми, само во пет програми има активности што се директно или индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост во општината, односно се категоризирани со 2 и со 1, соодветно. Во две програми, активностите се директно насочени кон зголемување на еднаквите можности, кај една програма има активности што се и директно и индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост, а кај преостанатите две програми активностите се индиректно поврзани со родовата еднаквост. Сепак, кај овие програми во кои се, во структурата на издвоени средства доминираат активности што не може да се поврзат со унапредување на родовата еднаквост. Исклучок од ова се акцискиот план за еднакви можности, каде што издвоените средства се 100 проценти за активности поврзани со еднаквите можности, и програмата за социјална, детска и здравствена заштита, каде што 97 проценти од издвоените средства се соодветни за унапредување на родовата еднаквост.

ГРАФИКОН 3.3

Структура на програмите на Општина Кочани, од аспект на соодветност за унапредување на родовата еднаквост



Извор: *Програми и буџет на Општина Кочани за 2020 година, пресметка на авторите*

Графикон 3.4 ги претставува издвоените средства на Општина Кочани за програми според соодветноста за унапредување на родовата еднаквост, во вкупен износ, и нивното учество во вкупниот буџет на Општината. Анализата покажува дека издвоените средства за активности што на директен или индиректен начин се насочени кон зголемување на еднаквите можности изнесуваат 17,9 проценти од вкупен буџет, но, сепак, од издвоените средства, за активности и за ставки директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост се наменети само 0,04 проценти.

ГРАФИКОН 3.4

Издвоени буџетски средства според категоризација на програмите



Извор: *Програми и буџет на Општина Кочани за 2020 година, пресметка на авторите*

Директните издвоени средства за унапредување на родовата еднаквост се релативно малку, сепак, индиректното влијание на планираните средства од други програми е еднакво значајно, доколку намената е во стратегиски значајни програми. Графикон 3.5 прави преглед на учеството на издвоени средства во вкупен буџет од аспект на намената или програмата. Резултатите покажуваат дека средствата издвоени за програмите што за примарна цел имаат унапредување на родовата еднаквост се со вкупно учество во буџетот од 0,04 проценти. Активностите што се индиректно насочени кон родова еднаквост и засилување на жените, пак, се во четири клучни програми, социјална, детска и здравствена заштита, вклучувајќи ги и трансферите за детски градинки и капиталните инвестиции (8,7 проценти од вкупен буџет), локален економски развој, кој вклучува изградба на детска градинка (8,9 проценти), контрола на популацијата на бездомни кучиња (0,03 проценти од вкупен буџет), одржување и користење паркови и зеленило (0,2 проценти од вкупен буџет). Од аспект на квалитет, генералниот заклучок е дека издвоените средства за унапредување на родовата еднаквост имаат потенцијал да го подобрат квалитетот на живот на жените од неколку аспекти. Прво, инвестициите во активности за создавање еднакви можности на жените и на мажите ќе создадат околина што овозможува зголемување на свесноста за улогата и за положбата на жените во заедницата, но и ќе постават механизам за засилување на положбата и на улогата на жените во општината. Потоа, ќе се создаде околина за нивна активација на пазарот на труд, преку инвестиции во нова детска градинка, која би го зголемила капацитетот за деца од предучилишна возраст. Трето, преку инвестициите во образование ќе се стимулира развојот на кариера на жените. Четврто, фаќањето кучиња ќе ја зголеми безбедноста во движењето на сите жители, со акцент на жените и на малите деца.

ГРАФИКОН 3.5

Издвоени средства за активности соодветни за родовата еднаквост (учество во вкупен буџет), според програма и категоризација



Извор: *Програми и буџет на Општина Кочани за 2020 година, пресметка на авторите*

Извор: *Sharon McCutcheon/Unsplash*

4. СОСТОЈБА СО КОВИД-19 НА ЛОКАЛНО НИВО

4.1 Движење на КОВИД-19

Првиот случај на лице болно од КОВИД-19 во општина Кочани е регистриран на 31 март 2020 година и оттогаш наваму трендот на заболени е во постојан пораст. Изразено голем пораст на вкупниот број инфицирани лица во здравствениот регион Кочани се забележува во периодот септември – октомври 2020 година, кога нови 590 лица беа заразени со вирусот корона, што ја стави општина Кочани на врвот на листата со општини со најголем број заболени лица (735) и активни случаи (213).

ТАБЕЛА 4.1

Број на заболени, активни, оздравени и починати лица од КОВИД-19

Период	Заболени лица	Оздравени лица	Починати лица	Активни случаи
До 31.3.2020	1			1
До 30.4.2020	28	20	1	7
До 31.5.2020	37	29	2	6
До 30.6.2020	69	45	2	22
До 31.7.2020	95	69	3	23
До 31.8.2020	145	114	4	27
До 30.9.2020	152	189	8	152
До 31.10.2020	735	506	16	213

Извор: *Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија*

На 2 октомври 2020 година општина Кочани е на трето место според бројот на активни случаи, 172, веднаш по Скопје (834) и Куманово (182). Поголем дел од заболените лица се регистрирани во мини-кластери во локалните институции, а најчесто во текстилните фабрики, градинките и во здравствени установи.[14]

Според социјалната карта на општината, меѓу вработените во сите овие институции доминираат жени, што укажува на тоа дека тие се поподложни на ризикот од заболување од КОВИД-19.

4.2 Здравствена заштита на локално ниво

КОВИД-19 е заболување што бара специјалистички третман во посебни простории, односно одделенија. Но, во општата болница во Кочани нема инфективно одделение, па заболените лица се лекуваат во инфективна амбуланта и во интерното болничко одделение, кое е физички изолирано од другите одделенија, со капацитет од 34 легла за сместување пациенти заболени од вирусот. Освен жители на општина Кочани, во оваа болница се сместуваат и пациенти од Штип и од другите околни општини од Источниот регион.

За жал, болницата нема специјалист инфектолог. Здравствената грижа на болнички лекуваните пациенти со КОВИД-19 ја обезбедуваат двајца лекари анестезиолози и двајца лекари интернисти.

4.3 Мерки за спречување на ширењето на вирусот

Заради спречување на ширењето на вирусот корона, локалната власт во општина Кочани презеде две мерки за набавка на средства и на опрема за дезинфекција, во вкупна вредност од 450 илјади денари (табела 3.2).

ТАБЕЛА 4.2

Мерки за спречување ширење на вирусот, преземени од Општина Кочани

Мерка	Буџет
Набавка на средства (маски, ракавици и гелови за дезинфекција)	260.000
Набавка на опрема (рампи за дезинфекција на автомобили и луѓе)	190.000

Извор: Општина Кочани

[14] https://360stepeni.mk/vo-kochani-se-zgolemi-brojot-na-kovid-sluchai-filipche-veli-tselosen-karantin-ne-e-reshenie/

Дополнително, Општина Кочани формира тим за посета на жртви на семејно насилство со цел нивно снабдување со храна, лекови и слично[15]. Оваа активност е во линија со фактот дека во време на пандемијата е забележан пораст на семејното насилство (Петрески и др. 2021, следува)[16], па соодветно ќе одговори на зголемената потреба од мерки насочени кон оваа категорија граѓани. Со оглед на тоа што со ребалансот на буџетот нема нова ставка за финансирање на оваа активност, претпоставуваме дека тимот работи на волонтерска основа.

Жителите на општината истакнуваат и други потреби за поддршка од страна на локалната власт. Тие сметаат дека Општината треба да им понуди финансиска помош на лицата што се најпогодени од кризата и помош во компјутерска опрема со цел непречено одвивање на наставата на далечина за сите деца од општината. Но, овие две работи не се согледани како потреба од страна на Општината, па тие не се вградени ниту во програмите за социјална заштита и образование за следната 2021 година. Единствено, со ребалансот на буџетот за 2020 година, во програмата за образование се воведени две нови активности за формирање мобилни тимови за следење запишани ученици/чки и напредок на школувањето, како и за давање училиштен прибор за ученици/чки од социјално загрозени семејства, активности што може да го олеснат следењето на наставата на далечина на ученици/чки од социјално загрозени семејства што имаат соодветни уреди.

„Поради пандемијата, јас требаше да обезбедам четири уреди, или четири компјутери за да можат моите три деца како ученици да бидат вклучени во настава, и јас како професор да можам да си ја вршам својата работа преку интернет. Никој не нè праша дали можеме да си дозволиме... Имаше и има многу семејства што не можат да си овозможат да имаат по два компјутера дома. Општината треба да има фонд, кризен фонд и да им помага финансиски на своите жители, кога ќе се јави потреба, како сега со пандемијата на КОВИД-19“ - ***жителка на Кочани.***



[15]Информација добиена за време на интервју со координаторка за еднакви можности, спроведено на 7 декември 2021 година

[16]Петрески, М., Петрески, Б., Мисоска-Томовска, А. и Туманоска, Д. (2021, следува) Социо-економски ефекти од КОВИД-19 врз децата во Северна Македонија: Ажурирање. Finance Think – Институт за економски истражувања и политика, Скопје и УНИЦЕФ

5. БУЏЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ ПО КОВИД-19

Општина Кочани не остана имуна на појавата и на прогресот на пандемијата на КОВИД-19, која, несомнено, имаше влијание врз буџетот на општината. Од една страна, приходите на општината се намалија, наспроти зголемените потреби за поголеми трошења за одредени активности. Според тоа, Општината направи ребаланс во текот на 2020 година на буџетот за тековната година. Промените направени со ребалансот се прикажани на графикон 5.1. Притоа, промената ја претставува разликата на буџетската категорија со ребалансот, во однос на иницијалниот буџет.

Анализата на приходите покажува дека со ребалансот на буџетот, во апсолутен износ, најголемо намалување има кај трансферите и донациите и даночните приходи. Овие трансфери претставуваат директен извор на финансирање на родово суштински прашања (на пример, згрижување деца и пристап до образование), и директно ќе влијаат на остварување на крајните цели. Сепак, релативната промена упатува дека неданочните приходи биле под најсилен удар на КОВИД-19, па така, приходите од неданочни приходи се намалија за 37 проценти во споредба со иницијалниот буџет. Исто така, значајно намалување од 15 проценти има и кај даночните приходи. Како што споменавме во дел 1.2, тоа е очекувано затоа што неданочните приходи, главно, доаѓаат од приватниот сектор и од компаниите што работат на територијата на општината. Затворањето на угостителските објекти во периодот март – мај 2020 година, но и намалувањето на обемот на активност, веројатно, ја намалија моќта на локалните компании за навремено плаќање по основа на разни такси, што се одразува и врз буџетските приходи. Освен трансферите, овие две категории се најзначајни извори на приход за Општина Кочани и одраз на развиеноста и на потенцијалот на општината. Недостигот од приходи Општината го надополни на два начина, преку зголемување на капиталните приходи, и тоа приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, и преку намалување на планираното задолжување. Ваквата стратегија за намалување на задолжувањето е разумна, иако е очекувано дека тоа може да влијае врз некои планирани подолгорочни инвестициски проекти.

На страната на расходите се забележуваат намалувања кај сите категории. Најголемо намалување и во апсолутен и во релативен износ е забележано кај капиталните расходи (15 проценти), а потоа кај стока и услуги (6 проценти) и субвенции и трансфери (6 проценти). Намалувањето на капиталните расходи во еден дел е очекувано, со оглед на тоа што нивното финансирање, најверојатно, било планирано да биде преку задолжување. Но, кратењето на непродуктивните трошења мерено преку категоријата стока и услуги е умерено. Намалувањето на расходите, особено на капиталните расходи, може да го намали позитивниот очекуван ефект за квалитет на живот и за развој на општината. Од родова перспектива, ваквата промена може да се одрази негативно, особено доколку се засегнати активностите што во дел 3.3 се категоризирани како соодветни за унапредување на родовата еднаквост во општината.

ГРАФИКОН 5.1

Ребаланс на буџетот на Општина Кочани, преглед на промената на приходи и на расходи



Извор: *Програми и буџет на Општина Кочани за 2020 година, пресметка на авторите*

Дополнително, ребалансите на иницијалниот општински буџет имаа влијание и врз планираните програми за 2020 година (графикон 5.2). Освен пет програми во кои со ребалансот има зголемување на буџетот (заштита на животната средина, одржување сливни решетки за атмосферска канализација, одржување на јавната чистота, одржување и користење паркови и зеленило и образование), кај другите програми има намалување. Па, така, најголемо намалување во апсолутен износ има во програмата за локален економски развој и активности од ЛЕР, а потоа и програмата за социјална, детска и здравствена заштита. Иако генералната слика на ребалансот на буџетот одговара на реалната ситуација, промените во овие програми може да имаат значајно влијание врз родовата еднаквост, со оглед на тоа дека токму овие програми се идентификувани како суштински од аспект на издвоени средства и активности насочени кон унапредување на родовата еднаквост.

ГРАФИКОН 5.2

Промена на програмите на Општина Кочани со ребалансот на буџетот за 2020 година



Извор: *Буџет и ребаланс на Општина Кочани за 2020 година*

5.2. Влијание на ребалансот врз годишните програми што придонесуваат кон родова еднаквост

Ребалансот на буџетот на Општина Кочани се одрази негативно врз програмите во кои во дел 3.3 беа категоризирани активности директно или индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост. Табела 5.1 прави преглед на промените во финансиските средства алоцирани во програми со родово специфични активности. Вкупно, буџетските расходи беа намалени за шест проценти, но буџетот за активностите што треба да придонесат за унапредување на родовата еднаквост, во просек, беа намалени за 11 проценти, што укажува на тоа дека овие активности биле на посилен удар, во споредба со другите активности.

Овој удар е дополнително засилен затоа што намалувањето е само кај една од петте програми – програмата за детска, социјална и за здравствена заштита, која е и доминантна програма. Вкупно, оваа програма е намалена за 27 проценти, но, во апсолутен износ, намалувањето е 15,5 милиони денари. Намалувањето е по два основа: прво, намалени се изворите за финансирање што доаѓаат од општинскиот буџет, но, исто така, се и резултат на помалку префрлени средства од блок-трансфери и дотации за детските градинки од централниот буџет. Во потпрограмата за помош на социјално загрозени лица и на лица изложени на социјален ризик, намалени се три од пет активности директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост: помош во автобуски карти заради лекување надвор од градот, помош во градежни материјали и помош во социјален пакет за новородено дете од социјално загрозено семејство или од семејство на материјално необезбедени лица, каде што намалувањето е за 67 проценти, 13 проценти и 83 проценти, соодветно. Иако износот на овие ставки е релативно мал, сепак, за посочените корисници, намалувањето, особено во време на криза, може да има значајни негативни влијанија. Ова е особено значајно за ставката за автобуски карти заради лекување, каде што од родов аспект може да ги одложи потребите за здравствени услуги надвор од општината, додека социјалните пакети за новороденчиња ги намалува средствата за мајката и за бебето во првите месеци од раѓањето. Од програмата за засилување на социјалната превенција, за 33 проценти се намалени средствата за инклузија на деца Роми во градинките, што ќе има најголемо влијание врз жените Ромки на кои ќе им се зголемат обврските околу децата што ќе останат дома, место да бидат вклучени во предучилишно образование. Во согласност со финансискиот потенцијал на Општината, ова се само дел од програмите што може да ја ублажат ранливоста на одредени категории граѓани. Во поголем дел, мерките и програмите што ја ублажуваат социјалната ранливост и негативните ефекти од КОВИД-19 беа дистрибуирани преку централниот буџет. Кризата предизвикана од КОВИД-19 ги запре дециниските позитивни трендови на намалување на стапката на сиромаштија и на невработеност. Стапката на релативна сиромаштија се зголеми за 1,2 процентни поени (од 22,5 проценти на 23,7 проценти), што претставува околу 25.000 лица втурнати во сиромаштија како последица на кризата[17]. Пандемијата ги погоди речиси сите. Но, ранливите категории граѓани се чини дека се позасегнати, како што се семејствата со повеќе деца. Па така, процените се дека кризата предизвикана од КОВИД-19 ја зголеми детската сиромаштија од 29,3 проценти пред кризата на 33,3 проценти за време на кризата и втурна во релативна сиромаштија дополнителни 16.000 деца[18]. Девојчињата се во неповолна положба во однос на паѓање во сиромаштија, иако пандемијата ја зголемува релативната стапка на сиромаштија за двата пола речиси еднакво. Олеснетите услови за здобивање гарантирана минимална помош имаат потенцијал да придонесат за намалување на екстремната сиромаштија за околу една четвртина, односно да извлечат од екстремна сиромаштија околу 24 илјади лица. Исто така, една од клучните мерки што имаат вградена родова перспектива е мерката за продолжувањето на платеното родителско отсуство од работа заради бременост, породување, родителство и посвојување. Оваа мерка ја искористија 4.655 родители (доминантно мајки) и беа потрошени 363 милиони денари (ФЗОМ, 2021). Наодите од истражувањето на UN Women (2020)[19] покажаа дека оваа мерка е исклучиво искористена од вработени жени од урбаните населени места.

[17] Finance Think (2020) Колку КОВИД-19 ќе ја зголеми сиромаштијата во Северна Македонија? Бриф за политиката бр. 43 на Finance Think – Институт за економски истражувања и политика, Скопје

[18] UNICEF (2020) Социјалните и економските ефекти од КОВИД-19 врз децата во Северна Македонија: брза анализа и препораки за политиката

[19] UN Women (2020) Влијанието на КОВИД-19 врз жените и мажите во Северна Македонија

Слично, пандемијата имаше влијание на функционирањето на градинките, па трансферите, самофинансирачките активности и донациите беа значително намалени. Оваа ставка се намали за 14,8 милиони денари, или за 26 проценти. Главно, тоа е резултат на намалениот број деца што посетуваа градинка, во согласност со протоколите за КОВИД-19. Но, таквото намалување на капацитетот на градинките има директно влијание врз жените, балансирање или некогаш и жртвување на кариерата и на работното место. Врз основа на спроведените фокусни групи, идентификувано е дека функционалноста и пристапот до градинки е една од најголемите потреби во општина Кочани за унапредување на родовата еднаквост, која дополнително се нагласи за време на пандемијата.

„И пред кризата, имаше недостиг од слободни места во градинките и долга листа на чекање. Сега состојбата е уште покомплицирана и имам некои познајнички што се откажаа од работа бидејќи нема кој да се грижи за нивните деца“ ***– жителка на Кочани.***

Освен намалениот капацитет на градинките во согласност со протоколите, во дел 1.4 видовме дека и пред пандемијата во општината имало 90 деца што не биле згрижени поради недостиг од слободни места, но и 73 згрижени деца над капацитетот на јавната градинка, што укажува на преоптовареност и на мал капацитет. Тоа значи дека инвестициите во нови детски градинки и / или зголемување на постојните капацитети треба да биде врвен приоритет на локалната и на националната власт. Тоа, индиректно, ќе придонесе за унапредување на родовата еднаквост во локалната заедница преку намалување на домашните обврски на родителите, најчесто мајките, но и нивна активација на пазарот на труд и со тоа намалување на родовиот јаз во вработувањето.

За разлика од програмата за социјална, детска и за здравствена заштита, кај другите програми промените се позитивни. Ставката за одржување паркови е зголемена за 14 проценти, додека ставката за одржување детски игралишта е непроменета. Иако, можеби, овие потреби не се есенцијални во услови на здравствена криза, одржувањето на зелените површини е од особено значење за квалитетно и здраво исполнување на слободното време на родителите, најчесто на мајките и на нивните деца. Дополнително, Советот на Општина Кочани бара воведување на родовата перспектива при реализација на оваа програма. Оттука, непроменетите средства за спроведување на оваа програма се во линија со идентификуваните приоритети на Советот на Општината. Вкупната програма за родова еднаквост остана непроменета со ребалансот, иако поголем дел од предвидените активности не се доволно реализирани или воопшто не се реализирани поради кризата предизвикана од КОВИД-19. Според координаторката за еднакви можности, активноста за превентивни систематски прегледи не е реализирана *„...поради незаинтересираност на локалното население“*, како и активноста за бесплатно летување на учениците *„....поради ситуацијата со КОВИД-19“*[20]. Средствата предвидени за поддршка на жени и на мажи изложени на социјален ризик и на лица со попреченост, поради неискористеност, се пренаменети за финансиска поддршка на семејства, чиишто домови биле погодени од поплава што се случила во јуни 2020 година.

Наставата на далечина е една од најкарактеристичните и најголеми промени во испораката на образованието, а директно предизвикани од кризата предизвикана од КОВИД-19. Од родова перспектива, тоа влијаеше и врз зголемување на времето посветено на помош во совладување на наставниот материјал на децата. Според UN Women (2020)[21], за време на пандемијата, времето поминато во подучување, настава и во обука на децата од страна на жените се зголемило за 20 проценти. Ставките од програмата за образование насочени кон унапредување на родовата еднаквост се зголемени со ребалансот на буџетот. Во таа насока, Општина Кочани има воведено две нови потставки, и тоа: училиштен прибор за ученици/чки од социјално загрозени семејства и формирање тимови за следење запишани ученици/чки и следење напредок на школување, посета на семејства, делење пропаганден материјал во вкупен износ од 170 илјади денари. Издвоените средства се мали во однос на вкупното зголемување, но намената во целост влијае на унапредување на родовата еднаквост во услови на криза и предизвици во образованието.

[20] Информација добиена од интервју со координаторка за еднакви можности, одржано на 7 декември 2020 година
[21] UN Women (2020) Влијанието на КОВИД-19 врз жените и мажите во Северна Македонија

Во поголем дел, зголемувањето на средствата за образование се за набавка на нов, полуконцертен клавир за потребите на ООМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани (во вредност од 756 илјади денари) и поддршка за изградба на спортски терени во ООУ „Малина Попиванова“ (во вредност од еден милион денари). Овие две ставки имаат влијание за унапредување на родовата еднаквост, но повеќе на долг рок, додека во услови на криза предизвикана од КОРОНА-19 нивното влијание е маргинално.

ТАБЕЛА 5.1

Промени во буџетот на програмите со родова перспектива настанати со ребалансот за 2020 година; во илјади денари

Програма/ставка	Планиран буџет, во 000 денари		Ребаланс, во 000 денари		Промени, во апсолутен износ, 000 денари		промени во %	
	1	2	1	2	1	2	1	2
Вкупен буџет	**667.635**		**627.382**		**(44.809)**		**-6%**	
Еднакви можности	-	240	-	240	-	-		0%
Локален економски развој	60.000		60.000					
Изградба на детска градинка	60.000	-	60.000	-	-		0%	
Социјална, детска и здравствена заштита (со трансфери и инвестиции во детски градинки)	58.050	-	42.545	-	(15.505)	-	-27%	
Финансиска помош за лекови	400		400		-		0%	
Помош во автобуски карти заради лекување надвор од градот	150		50		(100)		-67%	
Помош во градежни материјали	400		350		(50)		-13%	
Помош во социјален пакет за новородено дете од социјално загрозено семејство или од семејство на материјално необезбедени лица	350		60		(290)		-83%	
Помош во болничко лекување	50		50		-	-	-	
Проект „Инклузија на деца Роми во градинките“- РЕФ, МТСП, ЛС	110	0	30	-	(80)		-73%	
Партиципација во згрижување деца на самохрани родители во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ - Кочани	100	0	50	-	(50)		-50%	
Згрижување деца од социјално загрозени семејства во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ - Кочани	80	0	30	-	(50)		-63%	
Трансфери, самофинансирачки активности и донации - градинки	56.410	-	41.525	-	(14.885)		-26%	
Контрола на популацијата на бездомни кучиња	180		200	-	20		11%	
Фаќање бездомни животни								
Одржување и користење паркови и зеленило	1.362		1.533		171		13%	
Одржување паркови	1.217		1.388	-	171		14%	
Одржување детски игралишта	145		145	-			0%	
Образование	60	-	1.926			-	31.1	
Вкупно издвоени средства	119.652	240	106.204	240	(15.314)	-	-11%	0%

Извор: *Службен весник бр. 12 на Општина Кочани*

6. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Воспоставување еднакви можности, третман и статус на жените и на мажите во општеството е активност што континуирано треба да се спроведува на сите нивоа на власт и од сите клучни фактори во општеството, со цел намалување на минимум на родовиот јаз што постои во клучните сфери на дејствување и живеење. Општините, како посебни организациски субјекти, се едни од клучните субјекти одговорни за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво. Во согласност со Законот за еднакви можности на жените и на мажите, тие се должни да формираат комисија за еднакви можности што учествува во создавање и во спроведување на сите локални планови, програми и стратегии со цел принципот на еднакви можности да се вгради во сите локални стратегиски документи.

Во Општина Кочани е формирана комисија за еднакви можности, како постојно тело, чиишто членови најчесто се менуваат со промена на власта или на градоначалникот, а која учествува во разгледување и во одобрување само на три клучни локални програми: родова еднаквост, образование и спорт. Со цел вклучување на принципот на еднакви можности во сите локални програми, **Општината треба да ја вклучи комисијата за еднакви можности во разгледување на сите локални стратегиски документи** насочени кон социјална и здравствена заштита, образование, економски развој, одржување паркови, зеленило, градежно земјиште, унапредување на спортот и на животот на младите во локалната заедница и слично.

Освен активностите од локалниот акциски план за еднакви можности, само уште една активност од програмата за спорт, за финансиска поддршка на локален женски фудбалски клуб, е директно насочена кон унапредување на родовата еднаквост, што значи дека Општината издвојува 0,04 проценти од вкупни расходи, речиси незначителен буџет за спроведување активности што имаат примарна цел унапредување на родовата еднаквост.

Во другите локални програми се идентификувани активности што може индиректно да придонесат кон унапредување на родовата еднаквост на локално ниво, како на пример финансиска поддршка на социјално загрозени лица, вклучување Роми и деца од социјално загрозени семејства во градинки, изградба на нова градинка, одржување детски паркови и зеленило и слично. Но, овие активности се дел од само пет, од вкупно 17 локални програми (локален економски развој, социјална заштита, образование, одржување паркови и зеленило и контрола на бездомни кучиња), што повторно укажува дека во голем дел од локалните програми принципот на еднакви можности и различните потреби на жените и на мажите не е земен предвид. Дополнително, за финансирање на овие активности се издвоени само 17,9 проценти од буџетот на Општината, од кои 0,04 проценти за активностите директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост. Оваа сума е релативно ниска и не може да придонесе кон значително подобрување на положбата на жените во локалната заедница. Оттука, препорачуваме **вградување на принципот на еднакви можности во сите или во поголем дел од локалните програми, преку планирање активности што (ин)директно ќе ја подобрат родовата еднаквост, и издвојување поголеми средства од локалниот буџет насочени кон воспоставување еднакви можности за жените и за мажите во општината.**

Во согласност со наодите од ова истражување, главен приоритет за Општината треба да биде **отворање нови слободни места за згрижување деца во предучилишна возраст,** со оглед на големиот број деца што не се згрижени поради недостиг од места во локалната градинка. Дополнително, иако градинката има капацитет за згрижување на 650 деца, изминатата година се згрижени 723 деца, што укажува на преоптовареност и на ризик за квалитетно спроведување на предвидените активности. Затоа, во **Програмата за социјална заштита,** локалните власти треба дел од своите финансиски средства да ги насочат кон отворање нова градинка или зголемување на капацитетот на постојните објекти. Општината и во идните програми треба да продолжи да издвојува средства за партиципација во градинка на деца на самохрани родители, со оглед на тоа што, најчесто, корисници на оваа услуга се жени. Дополнително, во оваа програма се потребни активности за **промоција и за зголемување на свеста на родители на деца со попреченост за услугите што ги нуди дневниот центар за лица со попреченост,** чијшто капацитет во 2019 година не е доволно искористен во согласност наодите во дел 1.4. Вклучувањето на децата со попреченост во овој центар може значително да ги намали обврските на родителите за нивно негување,

особено на мајките, и, од друга страна, да влијае врз нивна активација на пазарот на труд, што директно ќе придонесе кон унапредување на родовата еднаквост во општината.

Општина Кочани е една од неколкуте општини каде што има Центар за привремено сместување жртви на семејно насилство. Исто така, за време на пандемијата на КОВИД-19, општина Кочани воведе и мобилни тимови за поддршка на жртви на семејно насилство што претставува добра практика да се одговори на потребите на најранливите групи во текот на пандемијата. Со оглед на ограниченото капацитет и на неможноста овој центар да ги згрижи сите лица што имаат потреба од оваа услуга, препорачуваме во идните програми за социјална заштита да се предвидат финансиски средства за **зголемување на капацитетот на оваа установа каде што најчесто како жртви на семејно насилство се згрижуваат жени, како и обезбедување услуги за психо-социјална поддршка и за економско засилување.**

Локалното население ја истакнува потребата од **воведување целодневна настава во основните училишта** во општината, со цел давање можност на родителите што се грижат за овие деца да се активираат на пазарот на труд со цело работно време. Со оглед на тоа што оваа активност би придонела кон унапредување на родовата еднаквост во општината, препорачуваме, во **Програмата за образование** да се обезбедат финансиски средства за нејзино спроведување.

Иако Општината обезбедува буџетски средства за одржување паркови и зеленило, жителите на општината го истакнуваат недостигот од зелени површини и нивно редовно одржување. Со оглед на тоа што оваа активност го подобрува квалитетот на слободното време на родителите, најчесто на мајките и на нивните деца, препорачуваме во **Програмата за паркови и зеленило** да се предвидат активности за **реконструкција на постојните бетонски паркови со зелени површини и ангажман на соодветно обезбедување со цел нивна заштита од уништување.**

Анализата на пазарот на труд во општина Кочани покажа дека 45 проценти од евидентираните невработени лица се жени, што може да укажува на пониска активност на жените во општината. Иако нема статистички податоци за стапката на активност на локално ниво, националните податоци покажуваат дека стапката на активност на жените е 46,6 проценти, наспроти 67,8 проценти кај мажите.[22] Затоа, во **Програмата за локален економски развој** се потребни **стимулативни мерки за активација на жените на пазарот на труд и активности за промоција и за почнување женско претприемаштво** во форма на информативни кампањи, грантови, обуки и слично.

Општина Кочани нема подготвено или нема јавно објавена **програма за уредување градежно земјиште,** а жителите го истакнуваат проблемот со недостиг од тротоари и слободен простор за движење, особено на родители со детски колички и на лица со попреченост. Оттука, препорачуваме изработка на ваква програма и алоцирање буџетски средства за **уредување на тротоарите и на пешачкиот простор со цел непречено движење на сите жители.**

Програмата за еднакви можности на Општина Кочани предвидува спроведување на повеќе активности за водење родова статистика за вработените во општинската администрација, вградување на принципот на еднакви можности во сите локални стратегии, планови и програми, засилување на соработката на КЕМ со други субјекти одговорни за подготовка на мерки за воспоставување еднакви можности и воведување родово одговорно буџетирање и со тоа оваа општина е една од ретките што јасно и недвосмислено презема одговорност за вградување на родовата еднаквост во своето работење. Сепак, во програмата има една активност – летување за ученици/чки од основните училишта од социјално ранливи групи – што, според природата и искуствата од други општини, треба да биде дел од програмата за социјална заштита. Затоа, **препорачуваме овие активности да се внесуваат во соодветните програми.** Дополнително, буџетот наменет за спроведување на оваа програма остана непроменет со ребалансот на буџетот направен поради пандемијата на КОВИД-19, иако голем дел од предвидените активности не беа реализирани во целост или беа целосно нереализирани заклучно со ноември 2020 година, а поради природата на активноста (на пример, споменатата активност за летување за учениците/чките) е извесно дека нема да се реализира до крајот на годината. Затоа, **потребно е порационално планирање на активностите и нивно приспособување на новонастанати ситуации.**

[22] Државен завод за статистика на РСМ, стапка на активност на населението според полот и возраста, за 2019 година

Кризата предизвикана од КОВИД-19 се одрази негативно на буџетот на Општина Кочани. Вкупно, **буџетските расходи беа намалени за шест проценти, но ставките што треба да придонесат кон унапредување на родовата еднаквост, во просек, беа намалени за 11 проценти, што укажува на тоа дека овие ставки биле на посилен удар во споредба со другите ставки.** Овој удар е дополнително засилен затоа што намалувањето е само кај една од петте програми – програмата за детска, социјална и здравствена заштита, која е и доминантна програма. Од родова перспектива, наставата на далечина влијаеше и врз зголемување на времето посветено на помош во совладување на наставниот материјал на децата. За ублажување на последиците, Општина Кочани има воведено две нови потставки, и тоа: училиштен прибор за ученици/чки од социјално загрозени семејства и **формирање тимови за следење запишани ученици/чки и за следење напредок на школување, посета на семејства**, делење пропаганден материјал, во вкупен износ од 170 илјади денари. **Општина Кочани, во спроведувањето на буџетот за 2021 година и особено при потенцијална потреба од ребаланс, треба да ги заштити од кратење директните ставки што придонесуваат кон поголема родова еднаквост. Исто така, треба да ги зголеми средствата за мерката за помош при учење во домот и да води сметка за целосна реализација на средствата што на индиректен начин придонесуваат за родова еднаквост, особено инвестициите во детски градинки.**

Програмите на Општина Кочани за 2021 година се речиси идентични на планираните за претходната 2020 година, што укажува на тоа дека при нивно создавање не се земени предвид променетите потреби на населението предизвикани од пандемијата на КОВИД-19. Анализата покажа дека, генерално, кризата предизвика намалување на доходот на населението поради намален обем на работа или изгубени работни места, и зголемена потреба од уреди за следење на наставата на далечина, што укажува на тоа дека Општината во своите програми за социјална заштита и образование треба да предвиди активности за финансиска поддршка на лица погодени од пандемијата и доделување уреди (компјутери, таблети или мобилни телефони) или средства за набавка на уреди на семејства што немаат можност да обезбедат. Тоа значи дека **при планирање нови програми, Општината треба да ги вклучи жените и мажите во процесот на создавање на локалните стратегиски документи за да добие јасна слика за променетите потреби и приоритети со цел креирање родовоспецифични активности што ќе одговорат на потребите на жените и на мажите погодени од пандемијата.**